# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

2022



# ЗА МИСИЈАТА И ВИЗИЈАТА ЦПИА

Мисијата на организацијата е да ги оспособи граѓаните – индивидуално и колективно – да го разберат функционирањето на правниот систем и неговото влијание врз секојдневниот живот, со цел зајакнување на нивната правна свест и учество во процесите на донесување одлуки.

Визијата на ЦПИА е да биде објективен и кредибилен ресурсен центар за правни истражувања и анализи, кој обезбедува пристап до релевантни податоци, извештаи и препораки за подобрување на квалитетот на правосудниот систем и владеењето на правото во целина.

# За работата на ЦПИА

Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) е независна, непрофитна организација основана во 2012 година, посветена на зајакнување на владеењето на правото, унапредување на пристапот до правда и поттикнување на отчетноста и транспарентноста. Преку истражување, анализа, застапување и едукација, ЦПИА настојува да придонесе кон создавање функционален, инклузивен и правично ориентиран правен систем, во кој човековите права се целосно почитувани и заштитени.

ЦПИА ја гради својата улога како партнер и посредник меѓу граѓаните, институциите и експертската заедница, со цел воспоставување дијалог заснован на доверба, докази и заедничка заложба за подобрување на правната држава. Организацијата активно соработува со правосудните институции, академијата, граѓанското општество и меѓународните партнери, нудејќи експертска поддршка и иницирајќи промени базирани на факти и анализа.

Во текот на своето работење, ЦПИА ја прошири својата дејност преку интеграција на правото со други општествено значајни области, вклучително и заштитата на животната средина,, заштитата на личните податоци и приватноста во дигиталниот простор.

# КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ 2022

Во текот на 2022 година, Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) продолжи со конзистентна имплементација на тековните проекти и започна нови иницијативи во согласност со својата мисија и стратешки приоритети. Работата на организацијата во оваа година беше обележана со проширување на тематскиот фокус, зајакнување на партнерствата и видливо зголемување на влијанието во областа на владеењето на правото и заштитата на личните податоци и животната средина.

## Имплементација на проекти од новата програмска рамка - 2022

„Поддршка на транспарентноста во судството и промовирање на јавната доверба во правниот систем“ (јуни 2022 – јануари 2025)

Проектот се фокусира на зајакнување на капацитетите на Судско-медиумскиот совет, судството и новинарите за поефикасно споделување информации со јавноста и медиумите, како и на подобрување на институционалните практики за зголемување на транспарентноста и отчетноста.

Проектот овозможува развој на стратегии, тренинг програми, законски и регулаторни препораки, како и воспоставување на план за следење и евалуација на ефектите од неговото спроведување. Со тоа се унапредува довербата во судските институции, се зајакнуваат капацитетите за навремено и прецизно известување за кривични предмети и се промовира висок квалитет и отчетност во работењето на судството.

## „Континуирана поддршка кон социјално прифаќање на концептот на намалување на штети и развој на регулаторна рамка“ (јули 2022 – декември 2022)

Проектот има за цел спроведување научно истражување за концептот на намалување на штети од користење тутун, поврзување на економските, правните и здравствените аспекти, и изработка на препораки за јавни политики, вклучително и модели за диверзификација на културите и иновативни модели на оданочување. Преку публикации, презентации и обуки, проектот ја подигнува свеста на стручната и општата јавност за резултатите од истражувањето.

Како резултат, е подготвена научната студија „Правни, економски и медицински согледувања кон концептот за намалување штети од користење тутун“, која обезбедува пристап до компаративни практики и научни согледувања, со цел унапредување на јавните политики за намалување штетноста од пушењето и подигање на свеста за јавноздравствениот проблем.

## Унапредување на квалитетот и одговорноста во македонскиот правосуден сектор (ноември 2021 - септември 2023)

Проектот се спроведува преку три клучни компоненти: програма за менторство за судии од основните, апелационите и Врховниот суд, поддршка на Судскиот совет во спроведување на Методологијата за сложеност на предметите и оценување на судиите, како и анализа на домашни и европски пресуди низ призмата на правните образложенија.

Проектот овозможува зајакнување на практичните и теоретски знаења и вештини на судиите преку директна комуникација со едукатори, како и примена на методологиите во секојдневната судска работа. Со тоа се промовира повисок квалитет, ефикасност и одговорност во работењето на судскиот систем во Република Северна Македонија.

## Проекти кои продолжија со имплементација од 2021 година

### „Проект за добро управување со животна средина“ (јуни 2021 – март 2022)

Проектот воспоставува работна група за животна средина (Environmental Task Force) за справување со еколошки злосторства, воведува нови законски стандарди и протоколи за подобрување на ефикасноста на истрагите и превенцијата на криминалот, и ја зајакнува улогата на судиите, јавните обвинители и Уставниот суд во заштитата на животната средина. Дополнително, се подобрува институционалното разграничување помеѓу креирањето и спроведувањето на политиките за животната средина.

Проектот ја поддржува креирањето на политики, законодавни и институционални промени, ја зајакнува ефикасноста на правосудството во областа на заштитата на животната средина и придонесува кон подобро владеење на правото и одржлив развој во Северна Македонија.



# ПРОЕКТИТЕ НИЗ БРОЈКИ

*Активни проекти* 5

15+ *Анализи, документи за јавни политики и прирачници*

*Спроведени обуки и работилници* 10+

2 *Анкети и фокус групи*

***Работни групи и состаноци*** 20+

5+ ***Инфографици***

*Вредност на проектите* 300,000 EUR +

# ПЛАНОВИ за 2023

Во текот на 2022 година, Центарот за правни истражувања и анализи ќе продолжи со спроведување на својата мисија за унапредување на владеењето на правото и пристапот до правда, преку активности насочени кон унапредување на правосудниот систем, заштита на човековите права и развој на правни и институционални решенија засновани на докази.

Фокусот ќе биде ставен на неколку приоритетни области: еколошка правда, владеење на право како и заштита на личните податоци и правото на приватност. ЦПИА ќе продолжи со имплементација на тековните проекти, но и со развивање нови иницијативи во партнерство со меѓународни и домашни организации, институции и академската заедница.

Во 2023 година, ЦПИА ќе продолжи да го зајакнува своето позиционирање како кредибилен партнер на институциите и граѓаните, обезбедувајќи стручна поддршка, правна анализа и промовирајќи отворен, инклузивен и правично ориентиран пристап кон сите прашања од значење за владеењето на правото.